Врз основа на член 48 став 1 точка 3 од Законот за Народната банка на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 158/10, 123/12, 43/14, 153/15, 6/16 и 83/18), член 42 став 2 од Законот за девизно работење („Службен весник на Република Македонија" бр. 34/01, 49/01, 103/01, 51/03, 81/08, 24/11, 135/11, 188/13, 97/15, 153/15 и 23/16) и точка 12 од Одлуката за начинот и условите за евидентирање и поднесување извештаи за склучените кредитни работи („Службен весник на Република Македонија" бр. 173/15 и 105/18), гувернерот на Народната банка на Република Македонија го донесе следново

# УПАТСТВО

## за изменување и дополнување на Упатството за начинот и условите за поединечно известување за кредитите одобрени на нерезиденти

1. Во Упатството за начинот и условите за поединечно известување за кредитите одобрени на нерезиденти („Службен весник на Република Македонија" бр. 212/15 и 200/16), во потточката 8.2, во ставот 1, алинеја 5, броевите: „78/11, 156/11, 58/12, 173/12, 51/13, 144/13, 151/13, 186/13, 96/14, 125/14, 19/15 и 106/15)" се заменуваат со бројот: „141/16".

Во потточката 8.3, во ставот 1, алинеја 2, зборот: „Одлуката" се заменува со зборот: „прописот".

2. Во точката 9, во ставот 1, зборовите: „со поднесување анекс на договорот или друг документ од кој може да се видат промените на условите" се заменуваат со зборовите: „за што известувачот го доставува образецот НП1".

По ставот 1, се додаваат два нови става 2 и 3, коишто гласат:

„Субјектите од јавниот сектор, при промена на договорните услови, покрај образецот НП1, задолжително доставуваат и анекс на договорот до Народната банка, или друг документ од кој може да се видат промените на условите.

Субјектите од јавниот сектор ги опфаќаат:

- државата - којашто се состои од: владините единици на сите нивоа – централна и локална власт; сите социјални фондови на сите нивоа на Владата; и сите непазарни непрофитни институции коишто се контролирани или финансирани од владините институции;
- јавните нефинансиски друштва - контролирани од владините институции, при што под „контрола" се подразбира можноста да се одредува политиката на управување со претпријатието преку назначување директори; преку сопственост од над 50% од гласачкото тело; или преку специјален акт, декрет или регулатива со кој

се овозможува Владата да ја одредува деловната политика или да назначува раководни лица;

- јавните финансиски друштва – депозитни и недепозитни финансиски посредници, основани и контролирани од државата."

Ставовите 2, 3, 4 и 5 стануваат ставови 4, 5, 6 и 7.

3. Ова упатство влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија", а ќе се применува од 1 јули 2018 година.

У бр. 09-20744/2
18.06.2018 година
Скопје

Гувернер
д-р Анита Ангеловска-Бежоска